Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-2949/11
30.04.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за младински додаток, што го утврди на седницата, одржана на 29 април 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Број на седница и датум:** 71, 29.04.2025 12:00
**Архивски број:** 50-2949

**Претсетадел на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.04.30 10:47:10 +02:00

Подготвил: Тања Поповска, 29.04.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 29.04.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 29.04.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 29.04.2025

Одобрил: Хасим Муртезани,
заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2025.04.29 19:50:15 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 29.04.2025 18:42 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=93ffcba5-b18a-4644-973f-cc2f56849dd2&docSharePointURL=/materijali/2025/638773872038492212/Documents/act.docx&materialId=c68e0d9c-8449-44c1-902f-71a19155b6f9** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Влада на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ**:** | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и<br><br>Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за младински додаток

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 65/23), се уредува остварување на правото на младински додаток, постапката, условите и висината за исплата на младински додаток на младо лице на возраст до 23 години.
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Со Предлогот на Закон за изменување на Законот за младински додаток се врши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24).

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за младински додаток, да се усогласат со споменатите измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за младински додаток се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), како и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за младински додаток не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК

Член 1

Во Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 65/23), во членот 6 зборовите „министерот кој е надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 2

Во член 7 во ставот (10) зборовите „министерот кој е надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”, а зборовите „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „министерот за јавна администрација”.

Член 3

Во член 8 во ставот (2) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен”.

Член 4

Во членот 9 зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување на Законот на младински додаток содржи 5 члена.

Со членовите од 1 до 4 од Предлогот на закон се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), со кои се врши пренесување на досегашните надлежности на Министерството за труд и социјална политика на Министерството за економија и труд, како и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за  основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24).

Со членот 5 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за младински додаток со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), како и со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за  основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24), со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК КОИ СЕ МЕНУВААТ

Член 6

Листата со класите во кои се содржани производствени дејности од Националната класификација на дејности Рев.2, ја утврдува министерот кој е надлежен за работите од областа на трудот.

Член 7

(1) Младинскиот додаток изнесува 3.000 денари за полно работно време, на кој се плаќа данок на личен доход и се исплаќа еднаш месечно на трансакциската сметка на младото лице, најдоцна до 25-ти во месецот за претходниот/те месец/и.

(2) Правото на младински додаток младото лице го остварува по поднесено барање во надлежниот центар за вработување, според местото на живеење на младото лице, доколку младото лице ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(3) Агенцијата во постапката по барањето од ставот (2) на овој член, по службена должност, обезбедува податоци за исполнетост на условите од членот 4 од овој закон, врз основа на евиденцијата на регистрирани пријави во задолжително социјално осигурување, која Агенцијата ја води согласно со закон.

(4) Податоците за исполнетост на условите од членот 5 од овој закон за исплатената плата на младото лице од работодавачот, Агенцијата ги обезбедува по службена должност од Управата за јавни приходи.

(5) Агенцијата податоците за претежната производна дејност ги обезбедува по службена должност од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на евидентираната приходна (главна) шифра.

(6) Агенцијата податоците за лицата опфатени во задолжително социјално осигурување како индивидуални земјоделци, ги обезбедува по службена должност од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и/или од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

(7) Агенцијата податоците од ставовите (4), (5) и (6) на овој член ги обезбедува збирно за сите поднесени барања, еднаш месечно, пред рокот кој е утврден за исплата во ставот (1) на овој член.

(8) Младинскиот додаток од ставот (1) на овој член се исплаќа до престанокот на задолжителното социјално осигурување по основа на вработување или самовработување, односно престанокот на задолжително социјално осигурување како индивидуален земјоделец, а најмногу до навршени 23 години на младото лице.

(9) Агенцијата врши проверка на исполнетоста на условите за исплата, по службена должност, преку обезбедените податоци од ставовите (4), (5) и (6) на овој член.

(10) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот кој е надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

Член 8

(1) По барањето од членот 7 став (2) од овој закон, надлежниот центар за вработување донесува решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.
(2) На решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 9

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.